Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-535/4
18.06.2014 год
Новаци

Врз основа на член 22 став 1 т 3 и 4 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр 5/02), а во врска со член 15 став 1 т.3 и 4 и член 46 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 18-06-2014 година ја донесе следната

**П Р О Г Р А М А**
**за одржување на јавни зелени и јавни прометни површини**
**во општина Новаци**

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Член 1

Со оваа Програма зе уредуваат работите што го сочинуваат обемот и степенот на одржување на јавните зелени површини и други јавни прометни површини, локациите на истите, извори на финасирање и субјектите на извршување на работите и други работи поврзани со реализација на Програмата.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Член 2

1). Подрачја во кои ќе се врши чистењето на јавните површини,
2). Обем во кој ќе се врши чистењето,
3). Субјекти за реализација на Програмата,
4). Извори на финасирање на Програмата,
5). Динамика и мерки за извршување на Програмата,
6). Завршни одредби.

## 1). Подрачја во кои ќе се врши чистењето на јавните површини,

Член 3

Подрачје на кое ќе се врши чистењето на сите јавни површини на територијата на општина Новаци као што се; Просторот пред јавни институции на територијата на општина Новаци, училишта, јавни паркови, спортски игралишта, паркиралишта, тротоари и други јавни зелени површини.

## 2). Обем во кој ќе се врши чистењето

Член 4

Чистењето ќе се врши во обем што јавните зелени површини и јавните прометни површини се доведат во состојба на нормално функционирање и перманентно одржување на нивниот функционален и естетски изглед.

**3). Субјекти за реализација на Програмата,**

Член 5

Програмата ќе се реализира преку Јавното претпријатие за комунални дејности ,,Комунална Хигиена,, Новаци.

При зголемен обем на работи дел од Програмата ќе се реализира преку дополнително ангажирање на извршители за што ќе се изработи посебен Проект.

**4). Извори на финасирање на Програмата,**

Член 6

Програмата ќе се финасира од средства од Буџетот на општина Новаци.

За дополнително ангажирање на работници можат да се користат и други извори на финасирање.

**5). Динамика и мерки за извршување на Програмата,**

Член 7

Програмата ќе се реализира по динамика определена од Јавното комунално претпријатие.

Во периодите кога има зголемен обем на работи, динамиката на работите ќе се извршува со ангажирање на дополнителен број на извршители за што ќе се донесе посебна Одлука.

Член 8

Програмата ќе се реализира со превземање на следните мерки и активности; Машинско чистење на површините, метење, косење, засадување на дрва и трева, поливање, подигање и депонирање на отпад, откос на трева и коров и сл.

**6). Завршни одредби.**

Член 9

Програмаат влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Совет на општина Новаци
Претседател

Мицевски Пецо